РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Универзитет
„Св. Кирил и Методиј“ – Скопје
Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство

# С О О П Ш Т Е Н И Е

## Заверка на летен и запишување на зимски семестар 2018/2019

Запишувањето на зимски семестар за студентите на додипломските студии во учебната **2018/2019** година на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство ќе се врши во периодот од **18.09.** до **25.09.2018** година.

Согласно досегашната пракса за запишување на семестар, комплетната процедура во делот на усогласување на листата на предмети, запишување екстра кредити и запишување предмети со молба ќе се одвива **ЕЛЕКТРОНСКИ**, преку системот **iKnow** и системот за помош **help.students.finki.ukim.mk**.

Наведените рокови се однесуваат на електронското запишување. Предавањето на хартиените документи ќе се врши **САМО ПОСЛЕ ДОБИВАЊЕ** на потврда преку затворање на тикетот на системот help.students.finki.ukim.mk.

**Се молат студентите да го почитуваат дадениот рок за упис.**

Прием на документи ќе се врши само од студентите кои на системот help.students.finki.ukim.mk добиле потврда дека електронскиот дел им е во ред и треба да донесат хартиени документи.

Сите студенти кои нема да го завршат електронскиот упис во предвидениот рок или нема да достават хартиени документи во терминот одреден од студентска служба ќе можат да го извршат со **молба и надомест од 500,00 ден** (за административно внесување на упис). После дадениот рок студентите кои не запишале семестар ќе мора да запишат празен семестар.

### Потребни документи за хартиено запишување на зимски семестар

1. Индекс
2. Образец за запишување на семестар со **50,00** ден. административна такса (се плаќа на уплатница или преку СМС);
3. Образец за заверка на семестар со **50,00** ден. административна такса (се плаќа на уплатница или преку СМС);
4. Пријавен лист од Државен завод за статистика на РМ (образец ШВ. 20);
5. Уплатница за школарина на жиро-сметката на ФИНКИ, согласно пресметаниот износ од апликацијата за уписи;

   *Напомена: студентите кои согласно Законот за високо образование, Статутот на УКИМ и Правилникот на ФИНКИ преминуваат во приватна квота, ги исполнуваат условите за премин во квота со кофинансирање, доколку не уплатиле согласно оваа квота, ќе бидат вратени од службите да го уплатат соодветниот износ*
6. Уплатница во износ од **750,00** ден. на жиро-сметката на ФИНКИ, а се однесува за административно материјални трошоци и осигурување ;
7. Уплатница во износ од **750,00** ден. за ИКСА на УКИМ, за ФИНКИ на жиро сметка: 100000000063095, сметка за буџетски корисник: 1600103689 788 18, приходна шифра: 723012 41, банка на примачот: НБРМ.

***НАПОМЕНА***:

При уписот на зимски семестар ќе се врши и заверка на летниот семестар од учебната 2017/2018 година. Сите студенти се должни заверката да ја извршат при уписот на зимски семестар.

Студентите покрај горенаведените документи треба да доставаат семестрален лист (образец за заверка на семестар) со **50,00** ден. административна такса. Сите студенти кои нема да го заверат летниот семестар во овој рок, ќе можат истото да го направат подоцна но со казна од **500,00** ден.

**ЕЛЕКТРОНСКО ЗАПИШУВАЊЕ**

Студентите се најавуваат преку централниот автентикациски сервис на ФИНКИ (CAS) преку адресата: https://finki.iknow.ukim.edu.mk

Откако ќе се најавите на системот, пред вас се отвара почетната страница за студентите. Главното мени за навигација се наоѓа на горниот дел од страницата веднаш под името, презимето и бр. индекс на најавениот студент. Првата опција од менито ги содржи вашите матични податоци. **ВАЖНО: проверете во системот iKnow дали во вашиот профил е поставена точна и активна email адреса, бидејќи истата ќе се користи за размена на пораки преку системот за помош.**

Во табот "Запишани семестри", во горниот дел се наоѓа опцијата за запишување на следниот семестар (зимски 2018/19). Од листата понудени семестри го избирате следниот семестар. Откако сте ги избрале соодветните параметри, на копчето ”Внеси” го запишувате семестарот.

Откако новиот запишан семестар ќе се појави прв во табелата запишани семестри, со клик на колоната ”Таксени” во редот од тој семестар се отвора прозорче во кое може да се внесуваат СМС кодови за таксени марки за уписот на тој семестар. Студентите треба да внесат таксени марки во противредност од 50 денари. Иницијално таксените марки нема да се веднаш валидирани и сумата извесно време ќе стои на 0, се дури не помине валидација. Доколку сте внеле погрешни СМС кодови, после синхронизацијата системот ќе ве информира за грешката со порака на оваа страна и ќе мора да внесете точни СМС кодови.

Откако ќе го запишете новиот семестар во табот "Запишани семестри", се упатувате на следниот таб "Предмети". Тука ги избирате предметите кои ќе ги следите во следниот семестар. При запишувањето, најпрвин треба да ги изберете неположените задолжителни предмети од изминатиот зимски семестар. Потоа треба да ги изберете сите задолжителни предмети кои на вашата насока се слушаат во избраниот семестар, а за кои ги исполнувате предусловите. На крај избирате од изборните од тековниот семестар на вашата насока или на ниво на факултет, но не повеќе предмети од вкупно 35 кредити по семестар. Предметите кои ги запишувате, ги префрлате од левите листи во десните со помош на копчињата за лево/десно меѓу листите. Со секое префрлање на избран предмет од лево во десно се ажурира сумата за плаќање за тој семестар, сместена најгоре во средишниот дел на формата. Истата треба да се уплати на уплатница.

Откако сите потребни предмети ќе се префрлат во десните листи, горе десно на формата со копчето “Запиши” сите избрани предмети ќе се запишат за тој семестар и ќе се појават во табела “Запишани предмети” во горниот дел на формата. Откако со копчето “Запиши” ќе ги запишете предметите, завршува електронскиот дел од запишувањето на следниот семестар.

По завршувањето на изборот на предмети, потребно е да се кликне копчето **“Потврди”**. Со тоа, листата на предмети се заклучува и при тоа **АВТОМАТСКИ** се креира тикет на системот help.students.finki.ukim.mk со вашите податоци. На вашата email адреса ќе добиете известување од овој систем дека е креиран во ваше име тикет, заедно со линк за директно пристапување до тикетот. Пораката се праќа од **FINKI HELP** и има тема: **Otvoren bilet za pomosh [#broj_na_bilet]**. **ВАЖНО: проверете дали случајно пораката е префрлена во вашиот SPAM или JUNK фолдер**.

Службата за студентски прашања го проверува вашиот електронски запишан семестар и доколку се е во ред, ќе ви одговори со затворање на тикетот на системот help.students.finki.ukim.mk и со порака во која

ќе биде наведен термин за доставување на хартиени документи, во периодот 9:00 до 12:00 часот на шалтерот на студент. За добиениот одговор студентот ќе добие известување од системот за помош на неговата email адреса.
Доколку студентската служба има забелешки кои не може да ги отстрани без консултација со студентот, истите ги пишува како одговор на автоматски генерираниот тикет. За добиениот одговор студентот ќе добие известување од системот за помош на неговата email адреса. По потреба, службите ја отклучуваат листата на предмети за да може студентот да направи соодветни промени. По направените промени, студентот повторно кликнува на копчето **"Потврди"**. Со тоа, листата на предмети повторно се заклучува и АВТОМАТСКИ се генерира одговор на тикетот на системот help.students.finki.ukim.mk, кој се проследува до службата за студентски прашања. Потоа службата повторно го разгледува уписот.

Доколку студентот сака да запише екстра кредити, предмет за кој не исполнува предуслови или да поднесе барање за плаќање на рати треба да креира електронска молба преку системот за **електронски молби molbi.finki.ukim.mk** во кој се поставени роковите и кратко упатство.

## УПИС НА СЕМЕСТАР НА СТУДЕНТИ КОИ СЕ ВО ПОСЛЕДЕН СЕМЕСТАР ОД СТУДИИ ПО ЕКТС

**1.** Студентите кои имаат пријавено дипломски труд ако до 10.11.2018 година истиот го одбранат немаат обврска за запишување на зимскиот семестар. Истите треба да направат само заверка на летниот семестар.

**2.** Студентите кои пријавиле дипломски труд во изминатиот летен семестар и истиот нема да го одбранат до 10.11.2018 година должни се да запишат зимски семестар при што покрај потребните документи треба да приложат уплатница од **1000,00** ден. за административни трошоци на жиро сметка на ФИНКИ, како и уплатница за ИКСА (точка 6 од потребните документи).

**3.** Студентите кои немаат пријавено дипломски труд, а очекуваат да ги положат сите испити заклучно со августовската испитна сесија, како и студентите кои запишале дипломски труд во минатиот зимски семестар должни се да го запишат зимскиот семестар (во рокот за запишување на зимски семестар), како последен семестар на студии при што го пријавуваат дипломскиот труд во системот за електронско запишување (се избира како и секој друг предмет од листата на предмети) и ги уплаќаат соодветните кредити согласно пресметаниот износ на уплатница.

Од Деканатот на ФИНКИ - Скопје